став 4 и член 22 став 3 од Законот за даноците на имот ( "Службен весник на РМ" бр. 61/04 ) и член 35 од Статутот на Општина Гази Баба , ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 11/97 ), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 30.09. 2005 година , донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на стапките на даноци на имот

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на стапките за пресметување на данокот на имот , данокот на наследство и подарок и данокот на недвижности , во рамките утврдени со Законот за даноците на имот.

Член 2

Пропорционалната стапка за пресметување на данокот на имот на подрачјето на Општината Гази Баба , како сопствен извор на приход на Општината , изнесува 0,10 % .

Стапките за пресметување на данок на имот на земјоделско земјиште на подрачјето на Општина Гази Баба , кое не се користи за земјоделско производство , изнесува 0,50 % .

Основа за пресметување на данокот на имот од ставовите 1 и 2 од овој член претставува пазарната вредност на недвижниот имот утврдена според Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот што ја пропишува Владата на Република Македонија.

Член 3

Пропорционалната стапка за пресметување на данок на наследство и подарок , како сопствен извор на приход на Општина Гази Баба , за обврзник од втор наследен ред изнесува 3%, а за обврзник од трет наследен ред или за наследник што не е во сродство со оставителот , изнесува 5 % .

Основа за пресметување на данокот од став 1 на овој член претставува пазарната вредност на наследениот , односно на подарок примениот имот , утврдена според Методологијата од членот 2 став 3 на оваа одлука.

Член 4

Пропорционалната стапка за пресметување на данок на промет на недвижности на подрачјето на Општина Гази Баба како сопствен извор на приход на Општината изнесува 2,0 %.

Во рамките утврдени со Закон, Општината Гази Баба утврдува дополнителна стапка на данок на промет на недвижности , како сопствен извор на приход на Општината , во висина од 0,5 % .

Основа за пресметување на данокот од став 1 на овој член претставува пазарната вредност на недвижноста , утврдена според Методологијата од членот 2 став 3 на оваа одлука .

Член 5

Согласно одредбите на Законот за даноците на имот , приходот остварен врз основа на даночните стапки утврдени во член 2 , член 3 и во

**Член 33**

Вработените во Општинската администрација кои вршат административно-технички или помошни работи немаат статус на државни службеници и за нив се применуваат одредбите од работното законодавство.

## V *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

**Член 34**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање, организација и работа на управните и административните органи на Општина Гази Баба бр.07-63/3 од 17.02.1998 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.4/98).

**Член 35**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје", а ќе се објави по добиеното мислење од Агенцијата за државни службеници.

Број 07-574/5
од 30.06.2005 год.
С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Кире Бузлиев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) член 33, 35, и 36 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на РМ„ бр.55/04) и член 2 став 2, од Законот за комуналните такси („Службен весник на РМ„ бр.61/04), Советот на Општина Гази Баба на Тринаесеттата седница одржана на 16.05.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За висината на комуналните такси**
**во Општина Гази Баба -Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналните такси во Општина Гази Баба –Скопје, во рамките утврдени со Законот за комуналните такси.

**Член 2**

Висината на комуналните такси за одделни тарифни броеви утврдени со Тарифата за комунални такси од член 20 од Законот за комуналните такси, изнесува:

Износ во денари

**Тарифен број 3**

| | |
|---|---|
| За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност од м2 дневно | 10,00 |

**Тарифен број 4**

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и тоа:

| | |
|---|---|
| – до седум дена | 600,00 |
| – до 30 дена | 1.000,00 |
| – до една година | 1.200,00 |

**Тарифен број 6**

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории, годишно и тоа:

| | |
|---|---|
| – за физички лица кои вршат дејност | 1.000,00 |
| – за правните лица од обласга на производството, прометот и услугите | 2.000,00 |

**Тарифен број 7**

| | |
|---|---|
| За користењето на плоштадите и друг простор со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, за заземената површина од м2 дневно | 5,00 |

**Тарифен број 8**

За користењето на просторот за паркирање на моторни возила:

| | |
|---|---|
| – паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта | |
| дневно | 22,00 |
| по саат | 15,00 |
| – паркирање на товарни моторни возила и автобуси | |
| дневно | 75,00 |
| – паркирање на приколки | |
| дневно | 35,00 |

**Тарифен број 10**

За користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 15 КВЧ по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07-1446/6**
**од 16.05.2006 год.**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Сл.весник на РМ'' бр. 5/02), член 33 и член 36 од Законот за Градот Скопје (''Сл.весник на РМ'' бр.55/04), член 2 став 2 и член 20 - тарифен број 20 од Законот за комуналните такси (''Сл.весник на РМ'' бр. 61/04, 64/05 и 92/07) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на ден 31.01. 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлуката за висината на комуналните такси во Општина Гази Баба - Скопје, бр.07-1446/6 од 16.05.2006 година (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.3/06)**

**Член 1**

Во Одлуката за висината на комуналните такси во Општина Гази Баба - Скопје, бр.07-1446/6 од 16.05.2006 година (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.3/06), во членот 2 - тарифен број 10, по зборот ''такса'', зборовите ''во висина на противредност од 15 КВЧ, по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електричната енергија'' - СЕ БРИШАТ, и се заменуваат со следните зборови: ''според типот на потрошувачката, и тоа:

- 0,4 KV (домаќинства) по 25 KW/h;
- 0,4 KV (објекти на трговски друштва и занаетчии) по 50 KW/h;
- 10 KV по 100 KW/h;
- 35 KV по 150 KW/h; и
- 110 KV по 300 KW/h;

по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија''.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за финансиски прашања, да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 294/6**
**од 31.01.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**